СТОПАНСКА КОМОРА НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ECONOMIC CHAMBER OF NORTH MACEDONIA

AMBASADA E REPUBLIKËS SË SHQIPËRISË
MAQEDONIA E VERIUT

# Преку границите:
# Македонско-албански бизнис-форум

**Скопје, 12 мај 2026 г.**
**Х. Александар Палас (сала К4)**

## ЛИСТА НА АЛБАНСКИ КОМПАНИИ

### 1. Delta Corporation

Основана во 1996 г., главната дејност на компанијата е производство на градежни материјали и бои, со активности и во градежништвото. Во Македонија, компанијата има дистрибутивен центар во Чучер-Сандево.

*Повеќе информации на:* https://deltacorporation.eu/

### 2. Balfin (Balkan Finance Investment Group)

Основана во 1993 г., дејноста на групацијата опфаќа недвижности, малопродажба и големопродажба, банкарство, управување со средства, туризам, образование и логистика. Во Македонија, меѓу другите, групацијата е сопственик на скопскиот трговски центар „Ист гејт мол“, како и на малопродажниот ланец за бела техника и електроника „Нептун“.

*Повеќе информации на*: https://balfin.al/

### 3. Kastrati Group

Основана во 1991 г., почетната дејност на групацијата е малопродажба и големопродажба на горива, со подоцнежно ширење во осигурителниот сектор, градежништво и недвижности, инфраструктура, туризам и угостителство, како и дистрибуција на автомобили.

*Повеќе информации на:* https://kastrati.al/

**4. Agna Group**

Основана во 1991 г., групацијата почнува како увозник и исклучив дистрибутер на сушена храна, детергенти и производи за лична хигиена. Понатаму, дејноста на групацијата се проширува на енергетски инвестиции, угостителство, градежништво и недвижности, производство на освежителни пијалаци, надворешно рекламирање, како и Б2Б-услуги поврзани со организирање настани, промотивни кампањи, пазарни истражувања и односи со медиумите.

*Повеќе информации на*: https://agnagroup.com/new/home

**5. FAFA (Hotels & Resorts)**

Основана во 2012 г., главната дејност на компанијата е угостителство, сопственик на 7 хотели (со 4 и со 5 ѕвезди) во Албанија.

*Повеќе информации на:* https://fafa.al/en

**6. Kep Merli Resort and Residence**

Главната дејност на компанијата е угостителство, поседува луксузни сместувачки објекти (вили) на полуостровот Кеп Мерли, Албанија.

*Повеќе информации на:* https://kepmerli.com/

**7. SIGAL Insurance Group**

Основана во 1999 г., групацијата нуди финансиски услуги (животно и неживотно осигурување), сопственик на седум осигурителни компании и еден приватен пензиски фонд, со активности во Албанија, Косово и Македонија.

*Повеќе информации на:* https://sigal.com.al/en/

**8. Koral Fish**

Основана во 1994 г., главната дејност на компанијата е продажба и обработка на свежа и замрзната морска храна, со интензивна активност на италијанскиот пазар.

*Повеќе информации на:* https://koralfish.com/

**9. Concord Group**

Основана во 1991 г., главната дејност на групацијата е стратешки инвестиции, со активности во низа сектори, меѓу кои и градежништво и инфраструктура, бетон и градежни материјали, угостителство и туризам, медиуми и комуникации, недвижности, малопродажба и трговија, индустрија и логистика, како и пристанишна инфраструктура.

*Повеќе информации на:* https://concordgroup.al/

**10. Rozafa**

Основана во 1992 г., главната дејност на компанијата е риболов, сопственик на 12 риболовни пловила и 4 центри за обработка на свежа морска храна. Дополнително компанијата поседува и рибен ресторан каде што ги нуди своите производи.
*Повеќе информации на: www.rozafa.al*

**11. Maritim Hotel Plaza Tirana**

Хотелот „Плаза“ во Тирана е луксузен угостителски објект во сопственост на германскиот хотелски ланец „Маритим“.
*Повеќе информации на: https://www.plazatirana.com/*

**12. Gener 2**

Основана во 2003 г., главната дејност на компанијата е градежништво, управување со проекти и инженерство, со портфолио од станбени и деловни објекти, патишта и автопатишта, инфраструктурни проекти, енергетика, малопродажба и медиумски куќи.
*Повеќе информации на: https://gener2.al/*

**13. Gega Oil**

Основана во 1993 г., главната дејност на компанијата е трговија со горива, сопственик на повеќе од 90 бензински пумпи во Албанија.
*Повеќе информации на: https://gegaoil.al/en/home/*

**14. Durrës Yachts & Marina**

Инвестиција на „Eagle Hills“ од ОАЕ, „Durrës Yachts & Marina“ е проект во Драч, замислен на местото од постојното пристаниште, кој опфаќа луксузна марина, модерни и врвни станбени комплекси, како и простории за деловни активности и рекреација.
*Повеќе информации на: https://www.durresyachtsmarina.com/*

**15. Durrës Port**

Пристаништето во Драч е морско пристаниште во сопственост на Албанија кое го раководи државната Пристанишна управа. Пристанишните услуги опфаќаат контејнерски транспорт, патнички транспорт и транспорт на стоки.
*Повеќе информации на: https://durresport.al/publikime/*

**16. Salillari**

Основана во 1994 г., главната дејност на компанијата е градежништво, со активности и во преработувачката индустрија, проектирањето и механизацијата и транспортот.

*Повеќе информации на:* https://salillari.al/en/home-english/

---

**17. ALB-STAR**

Основана во 1995 г., главната дејност на компанијата е инженерски услуги и градежништво, со портфолио од системи за водоснабдување, канализација и пречистување на вода, транспортна инфраструктура, заштита на животната средина, машинско инженерство и проектирање.

*Повеќе информации на*: https://albstar.al/new/

---

**18. GECI Group**

Основана во 1994 г., главната дејност на компанијата е нискоградба, поседува сопствена градежна механизација, а дополнително е активна и на полето на туризмот и угостителството (сопственик на „Tirana International Hotel & Conference Center").

*Повеќе информации на:* https://www.geci.com.al/en/index.php

---

**19. Credins Bank**

Основана во 2003 г., компанијата нуди банкарски услуги, со пазарен удел од речиси 16% во Албанија и филијали во Косово. Втора банка во земјата во однос на вкупните средства, а прва во однос на кредитното портфолио.

*Повеќе информации на:* https://www.bankacredins.com/sq-al

---

**20. Brunes Group**

Основана во 1994 г., главната дејност на компанијата е трговија со градежни материјали, мебел и внатрешен дизајн. Нуди малопродажни услуги поврзани со покуќнина, санитарија, плочки, ламинат и сл.

*Повеќе информации на:* https://brunes.al/

---

**21. Rosso di Masso**
Основана во 2022 г., главната дејност на компанијата е домашна и меѓународна трговија со украсни камења, мермер, гранит, минерали и минерален отпад.

---

**22. Elite Travel Albania**
Активна повеќе од 20 години, оваа туристичка агенција е туроператор кој нуди туристички пакети и патувања во Албанија, Косово и Македонија.
*Повеќе информации на: https://elitetravel-albania.com/*

---

**23. Regina Group (Regina City)**
Главната дејност на групацијата е туризам и угостителство, сопственик на 4 хотели во Валона, Албанија, меѓу кои и хотелот со 4 ѕвезди „Regina City“.
*Повеќе информации на: https://reginagroup.al/*

---

**24. Marina Bay Resort & Casino**
Одморалиштето „Marina Bay“ во Валона е угостителски комплекс во сопственост на германскиот хотелски ланец „Маритим“, кој нуди казино и луксузно сместување.
*Повеќе информации на: Maritim Marina Bay Resort SPA & Casino Adult Friendly, Vlorë*

---

**25. eVita**
Основана во 2013 г., компанијата е дистрибутер на фармацевтски производи, медицински помагала и материјали во Албанија.
*Повеќе информации на*: *https://www.evitaalbania.com/*

---

## ЛИСТА НА АЛБАНСКИ ИНСТИТУЦИИ

1. **Albanian Investment Corporation**
2. **Albanian Investment and Development Agency- AIDA**
3. **TEDA**
4. **Durana Tech Parк**
5. **Portual Authority of Durres**
6. **Albanian State Development & Real Estate- ASDRE**
7. **American Chamber of Commerce in Albania**
8. **Ministry of Finance of the Republic of Albania**
9. **Ministry of Energy and Infrastructure**
10. **National Tourism Agency of Albania**